# Забрана на физичкото казнување на децата

*Прашања и одговори*



ЈА ГРАДИМЕ ЕВРОПА ЗА И СО ДЕЦАТА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# Забрана на физичкото казнување на децата

Прашања и одговори

Градење на Европа за и со децата

**www.coe.int/children**
**Council of Europe Publishing**

Француско издание:
*L’abolition des châtiments corporels à l’encontre des enfants*
*Questions et réponses*
ISBN 978-92-871-6309-7

Сите права се заштитени. Извадоци од оваа публикација не смеат да се преведуваат, репродуцираат, снимаат или пренесуваат во ниту една форма или средство, електронски (вклучително на CD-Rom, Интернет, и т.н.) или механички, да се фотокопираат, преснимуваат или да се чуваат на било кој систем за складирање и репродуцирање, без претходна писмена дозвола од Одделот за јавни информации и публикации при Директоратот за комуникации.
(F-67075 Strasbourg Cedex or publishing@coe.int).

Оваа брошура беше испечатена со поддршка на Владата на Финска.

Насловна страна и дизајн: Оддел за издавање документи и публикации, Совет на Европа

Илустрации од Габриел Пагонис/ © Совет на Европа

Публикација на Совет на Европа
F-67075 Strasbourg Cedex
http://book.coe.int

© Совет на Европа, декември 2007
Испечатена во Франција

## Содржина

Вовед ........................................................................................................ 5

1. Што е физичко казнување на децата? ............................................. 7

2. Зошто треба да го забраниме физичкото казнување
на децата? ............................................................................................ 9

3. Како може да ја постигнеме забраната? ......................................... 19

4. Прашања, одговори и разоткривање на вкоренети концепти .......... 30

Белешки кон текстот .................................................................... 40

Научете повеќе ........................................................................... 42




Децата не се мини-човечки суштества со мини-човекови права

## Вовед

Исто како што Советот на Европа водеше систематска кампања за да ја ослободи Европа од смртната казна, денес се стреми да ја оствари својата визија за континент ослободен од физичкото казнување. Удирањето луѓе е погрешно – а децата, исто така, се луѓе. Децата ги имаат истите права како и возрасните на почитување на нивното човечко достоинство и физички интегритет како и на еднаква заштита пред законот. Четириесет и седумте земји-членки на Советот на Европа имаат непосредни обврски за заштита на човековите права, според меѓународни и регионални инструменти за заштита на човековите права, да ги реформираат своите закони и да преземат образовни и други мерки за да го забранат и елиминираат физичкото казнување на децата, меѓу другото и во семејниот дом.

Во 2006 година, ова стана не само регионална, туку и глобална цел. Студијата за насилство врз децата на Генералниот секретар на Обединетите нации, во извештај поднесен до Генералното собрание на ОН, ја одреди 2009 година како датум кога треба да се постигне универзална забрана. Европа чекори по тој пат: до октомври 2007 година, повеќе од една третина од замјите-членки воведоа забрана, а најмалку осум други се обврзаа на целосна реформа.





Удирањето возрасни се нарекува напад.
Удирањето животни се нарекува суровост.
Удирањето деца е „за нивно добро“.

## 1. Што е физичко казнување на децата?

Еден начин да се дефинира физичкото казнување е да се рече дека тоа претставува акција преземена за да се казни дете, која, ако е насочена кон возрасен, би спаднала во незаконски напад. Возрасните имаат голем талент да измислат специјални зборови за да направат да се чувствуваат поудобно кога ги удираат децата – потчукнување, плескање, donner des fessées, picchiare, dar un azote. Но вистинската реалност за детето е дека сето ова е насилство.

Комитетот за правата на децата (CRC), тело кое го набљудува почитувањето на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето (UNCRC), истакнува дека човековите права бараат елиминација на сите физички казни, колку и тие да се благи, како и на сите други сурови или деградирачки казни. Во еден општ коментар (авторитативна интерпретација на државните обврски според CRC), издаден во 2006 година, комитетот ја дефинира телесната или физичка казна како:

> секоја казна во која се користи физичка сила и е наменета за да предизвика одреден степен на болка или неудобност, колку и таа да е мала. Поголемиот дел вклучува удирање („потчукнување“, „удирање шлаканица“, „плескање“) на деца, со рака или со некое средство – камшик, стап, колан, кондура, дрвена лажица и така натаму. Но, исто така, може да вклучува, на пример, и удирање со нога, тресење или фрлање на деца, гребење, штипење, гризење, кубење или тегнење уши на деца, принудување на деца да седат во неудобна позиција, горење, жежење или насилно принудување да се внесе нешто во организмот (на пример, миење на детската уста со сапун, или принудување детето да голта лути зачини). Според комитетот, физичкото казнување е секогаш деградирачко. Освен тоа, постојат други нефизички форми на казна, кои исто така се сурови и деградирачки, а со тоа и некомпатибилни со конвенцијата. Овде, на пример, спаѓаат казните што го омаловажуваат, понижуваат, оцрнуваат, го прават жртва, му се закануваат, го плашат или го исмеваат детето. [1]



Човековите права не запираат на прагот од вашиот дом.

## 2. Зошто треба да го забраниме физичкото казнување на децата?

Постојат многу добри причини зошто треба да се забрани физичкото казнување на децата. Тоа:

- е прекршување на правата на децата на почитување на нивниот физички интегритет, човечки дигнитет и еднаква заштита според законот. Во голем број случаи, физичкото казнување може да ги загрози правата на децата на образование, развој, здравје, па дури и нивното право на живот;

- може да предизвика сериозно физичко и психичко оштетување на децата;

- ги учи децата дека насилството е прифатлива и соодветна стратегија за решавање на конфликти и за луѓето да го прават она што го сакаат;

- е неефективно како начин на дисциплина. Постојат позитивни начини да се научат, поправат или дисциплинираат децата кои се подобри за детскиот развој и кои придонесуваат кон градење на односи базирани врз доверба и меѓусебна почит;

- тешко е да се заштитат децата ако физичкото казнување е легитимно – тоа имплицира дека некои форми или нивоа на насилство врз децата се прифатливи.

Советот на Европа е заснован врз принципите на почитување на владеење на правото и уживање на човековите права и фундаментални слободи од страна на сите луѓе. Кога земјите-членки ја ратификуваат Европската конвенција за човекови права и Европската социјална повелба или Ревидираната европска социјална повелба, тие преземаат обврска да ги почитуваат човековите права на сите луѓе во рамки на нивната јурисдикција – вклучувајќи ги и сите деца. Во текот на последните две децении, институциите на Советот на Европа сé погласно зборуваат против физичкото казнување на децата.

Комитетот на министри при Советот на Европа го осуди физичкото казнување и предложи негова забрана преку серија препораки што датираат од 1985 година: препораки во врска

со насилство во семејството (1985),социјални мерки што се однесуваат на насилство во семејството (1990), медицинско-социјални аспекти на злоупотребата на деца (1993) и во врска со политиката на поддршка на позитивно воспитување (2006).

Во 2004 година, Парламентарното собрание го повика Комитетот на министри итно да започне координирана и хармонизирана кампања во сите земји-членки за целосна забрана на телесното казнување на децата. Собранието, забележувајќи го успехот на Советот на Европа во укинување на смртната казна, сега го повикува да направи од Европа, што е можно поскоро, зона во која нема да постои телесно казнување на децата.

На Третиот самит во 2005 година, шефовите на држави и влади на земјите-членки на Советот на Европа ја повторија својата обврзаност на почитувањето на правата на децата. Програмата „Градење на Европа за и со децата" е одговор на мандатот што и беше даден на организацијата да гарантира интегриран пристап во промовирање на детските права и во одлуката на Третиот самит да започне програма што ќе ги покрива социјалните, правните, образовните и здравствените димензии на различни форми на насилство врз децата.

Во 2006 година, Комесарот за човекови права при Советот на Европа, Томас Хамарберг, објави текст во врска со физичкото казнување: „Правото да не бидеш удрен, е исто така и право на децата" (2). Во неговото обраќање до Парламентарното собрание во 2007 година, тој изјави дека „првиот неопходен чекор е правно да се забрани какво било насилство врз деца, без оглед дали тоа се одвива во училиштата, во институциите или во домот".

## Стандардите на европските човекови права и физичкото казнување

Достоинството на секој поединец е основен водечки принцип на меѓународното право за човекови права. „Сите луѓе се родени слободни и рамноправни во достоинството и во правата..." почнува Член 1 од Универзалната декларација на ОН за човекови права. Денес, врз оваа основа, постои јасен консензус дека меѓународните и регионалните инструменти за почитување на човековите права бараат забрана и елиминирање на физичкото казнување на децата.

Пресудите на Европскиот суд за човекови права (Судот) постојано го осудуваат физичкото казнување, прво во казнените системи и училиштата, а од неодамна и во домот. Други одлуки јасно ставаат до знаење дека забраната на какво било физичко казнување не ја прекршува семејната приватност ниту верските права. Судот сé почесто ги применува стандардите на Конвенцијата за правата на детето на ОН во пресудите поврзани со деца.

*Забраната не ги прекршува семејните права ниту пак слободата на вероисповед*

Во 1982 година, Европската комисија за човекови права ја прогласи за неприфатлива пријавата од едни шведски родители. Родителите обвинуваа дека шведската забрана за физичко казнување од страна на родителите од 1979 година го прекршила нивното право на почитување на семејниот живот и слободата на вероисповед. Како членови на Протестантската слободна црковна конгрегација во Стокхолм, тие веруваат во неопходноста на физичката казна, оправдувајќи ги своите верувања со упатувања на библиски текстови. Комисијата заклучи дека шведскиот закон за напад не е необичен, ниту пак е на каков било начин драконски:

> Фактот дека не се прави разлика меѓу третманот на децата од страна на нивните родители и истиот третман применет на возрасен непознат човек не може, според мислењето на Комисијата, да сочинува „мешање“ во однос на приватниот и семејниот живот на оној кој ја поднесува пријавата, бидејќи последиците од нападот се изедначени во двата случаи... Комисијата смета дека опсегот на шведскиот закон за напад и малтретирање е нормална мерка за контрола на насилството и дека намерата на неговата проширена примена на обичното физичко дисциплинирање на децата од страна на нивните родители е да се заштитат потенцијално слабите и ранливи членови на општеството. [3]

При една слична одлука од септември 2000 година, Судот едногласно и без преслушување одби пријава од страна на поединци поврзани со група на христијански приватни училишта

во Обединетото Кралство, која обвини дека имплементацијата на забраната на физичкото казнување во приватните училишта ги прекршува правата на родителите на слобода на вероисповед и на семеен живот.

**Се става под знак прашање сфаќањето на концептот разумно дисциплинирање од страна на родителите**



Здраво! Може ли да ми кажете што е разумно дисциплинирање?

Европскиот суд за човекови права го стави под знак прашање сфаќањето на концептот на „разумно“ дисциплинирање од страна на родителите. Во септември 1998 година, Судот едногласно одлучи дека физичкото казнување на млад Англичанец од страна на неговиот старател било деградирачка казна која го прекршува Членот 3 од Европската конвенција за човекови права (случај А против Обединетото Кралство, 1998). (4) На суд во Обединетото Кралство тужбата против старателот не успеала врз основа на тврдењето дека казната била „разумно дисциплинирање“. Европскиот суд донесе одлука дека Владата на Обединетото Кралство е одговорна бидејќи националниот закон, кој дозволува „разумно дисциплинирање“, не им овозможува на децата соодветна заштита, вклучувајќи и „ефективно спречување“. Судот му наредил на Обединетото Кралство да му плати компензација од 10.000 британски фунти на момчето кое често било удирано со градинарски стап. Пресудата од случајот А против Обединетото Кралство цитира членови на Конвенцијата за правата на детето на ОН, вклучувајќи го Член 19 кој бара државите да ги заштитат децата од „сите форми на физичко или ментално насилство“ додека се под грижа на родителите или на други лица. Прецедентното право на Европскиот комитет за социјални права, кој го следи усогласувањето со Европската социјална повелба и Ревидираната европска социјална повелба, бара сите земји-членки да забранат секаков вид на физичко казнување или друг понижувачки третман или казнување на деца, и да промовираат други енергични административни и образовни мерки за признавање и реализирање на правата на децата на заштита.

Во 2001 година, во еден свој општ заклучок, Комитетот изјави дека Член 17 од Повелбите:

> Бара забрана во законодавството против секаква форма на насилство врз децата, без оглед дали е тоа во училиштето, во други институции, во нивниот дом или на друго место. Натаму, смета дека секоја друга форма на деградирачко казнување или третман на деца мора да се забрани во законодавството и да се искомбинира со адекватни санкции во казненото или граѓанското право. [Комитетот коментира дека] го смета за неприфатливо тоа што едно општество кое забранува каква било форма на физичко насилство меѓу возрасни би прифатило возрасните да ги подложуваат децата на физичко насилство. [5]

Во 2005 година, Комитетот ја објави својата одлука во врска со колективните жалби против земји-членки на Светската организација против мачење. Комитетот заклучи дека три држави ги прекршуват своите обврски според две повелби бидејќи не го забраниле ефективно физичкото казнување во семејството. Во 2006 година, за четврта држава беше заклучено дека ги прекршува своите обврски по втора жалба. За време на испитување на извештаите според повелбите, заклучи дека други држави не се усогласуваат поради истата причина.

## Универзални стандарди на човековите права и физичкото казнување

Вкупно 193 земји, вклучувајќи ги сите земји-членки на Советот на Европа, ја ратификуваа – се обврзаа да ја почитуваат – Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето. Оваа конвенција ја вклучува обврската децата да се заштитат од сите форми на физичко или ментално насилство, додека се под грижа на родителите или на други лица (Член 19). Нејзиното тело за мониторинг, Комитетот за правата на детето, постојано ја интерпретира конвенцијата дека бара елиминација на секаков вид физичко казнување.

По истражувањето на извештаи од државите потписнички на конвенцијата, Комитетот за правата на детето систематски препорача експлицитна забрана во рамки на законот, поврзана со подигнување на свесноста и јавно образование.

Во јуни 2006 година, комитетот усвои општ коментар за правата на децата на заштита од физичко казнување и други сурови и деградирачки форми на казнување. Комитетот нагласува:

> Справувањето со распространетото прифаќање или толеранција на телесното казнување на децата и негово елиминирање, во семејствтото, училиштата и во друга средина, не е само обврска на државите потписнички на конвенцијата. Тоа е исто така клучна стратегија за намалување или спречување на сите форми на насилство во општествата...
> Штом стане видлива, јасно е дека практиката [на телесното казнување] е директно спротивна со еднаквите и неотуѓиви права на децата на почитување на нивното човечко достоинство и физички интегритет. Дистинктивната природа на децата, нивната почетна зависна и развојна состојба, нивниот единствен човечки потенцијал како и нивната ранливост, бараат потреба од повеќе, а не помалку, правна и друга заштита од сите форми на насилство. [6]

Други меѓународни тела на ОН за заштита на човековите права, вклучувајќи го Комитетот за економски, социјални и културни права, Комитетот за човекови права и Комитетот против насилство, исто така го осудија физичкото казнување на децата.



Удирањето на вашите деца е лекција по лошо однесување

## Студија на Генералниот секретар на ОН за насилството врз децата

Студијата на Генералниот секретар на ОН за насилството врз децата (Студија на ОН) бара универзална забрана до 2009 година. „Никакво насилство врз деца не е оправдано; секаков вид насилство врз деца може да се спречи“: ова е клучната порака од извештајот во врска со студијата, поднесен до Генералното собрание на ОН во октомври 2006 година. [7]

Независниот експерт Паоло Серџо Пинеиро, назначен од страна на Кофи Анан во 2003 година да раководи со Студијата на ОН, во воведот наведува дека насилството врз децата постои во секоја земја во светот, без оглед на културата, класата, нивото на образование, финансиската состојба или етничкото потекло:

> Во секој регион, наспроти обврзаноста кон човековите права и развојните потреби на децата, насилствтото врз децата е одобрено во општеството, и често е авторизирано со законите и државата. Студијата треба да означи пресврт – крај на оправдувањето, од страна на возрасните, на насилството врз децата, без оглед дали тоа е прифатено како „традиција“ или маскирано како „дисциплина“. Не може да постои компромис во борбата против насилството врз децата. Единственоста на децата – нивната потенцијална ранливост, нивната зависност од возрасните – ја истакнува потребата тие да имаат повеќе, а не помалку, заштита од насилство. [8]

Извештајот препорачува забрана на сите форми на насилство врз деца, во семејството и во секоја друга средина, вклучувајќи го секој вид физичко казнување и сите други сурови, нечовечки или деградирачки форми на казнување. Студијата на ОН го зема предвид насилството врз децата во различните околини во кои тоа се појавува, почнувајќи со домот и семејството:

> Насилството врз децата во семејството често може да се одвива во контекст на дисциплина и ја има формата на физичка, сурова или понижувачка казна. Суровото однесување и казна во семејството се чести и во индустријализираните земји и во земјите во развој. Децата, како што е наведено во студиите, и според нивните сопствени зборови за време на регионалните консултации при изработка на студијата, ги нагласија физичките и психолошките повреди со кои се соочуваат како резултат на овие форми на однесување, и предложија позитивни и ефективни алтернативни форми на дисциплина. [9]

Советот на Европа играше клучна улога во процесот на изработка на Студијата на ОН и е посветен на обезбедување на повратни информации од нејзините препораки во Европа. Иницијативата на Советот на Европа против физичкото казнување има за цел да постигне забрана на секаков вид физичко казнување и да промовира позитивно воспитување и култура на ненасилство со цел да обезбеди детство во кое нема да има насилство за ниту едно дете.




Целната дата за универзална забрана.




Забрана на физичкото казнување значи промовирање на позитивно воспитување.

## 3. Како можеме да постигнеме забрана

За елиминирањето на секаков вид физичко казнување на децата потребна е комбинација од експлицитни законски реформи, политики на заштита и превенција, и други, пред сѐ образовни, мерки за општествата да се оддалечат од прифаќање насилни и понижувачки казни. Правната забрана е основна, но самата по себе не ги гарантира човековите права на децата. Професионалци кои работат со деца, родители, самите деца и јавноста воопшто треба да бидат информирани за законот и за правата на децата на заштита.

Затоа, за забрана на физичкото казнување потребна е интензивна работа во најмалку три области:
правна реформа;
политичка реформа (особено мерки за превенција и заштита);
подигнување на свеста.

### Правна реформа

Забраната на физичкото казнување бара воспоставување на правна рамка која јасно го забранува физичкото казнување и ги заштитува децата од сите видови напад, меѓу другото и во семејството.

Сите земји-членки имаат закони со кои се забранува намерен напад. Проблемот е тоа што во многу општества овие закони не им ја обезбедуваат на децата истата заштита како на возрасните. Некои држави имаат, било во уредбите или во општото право или и во двете, специјална одбрана или оправдувања за удирање на децата – „разумно казнување“, „правна корекција“ и така натаму. Во други држави, не постои оправдание напишано во законот, туку традиционални практики за воспитување на децата, што се одразуваат во политичките ставови и често во судските одлуки, кои ги одобруваат нападите врз децата, маскирајќи ги како дисциплина. Физичкото казнување на децата се одвива во различни средини, вклучувајќи го домот, училиштата, резиденцијалните институции, семејствата што згрижуваат деца, целодневниот престој, правниот систем и во контекст на детскиот труд.

Сите држави имаат закони што забрануваат суровост кон децата или „злоупотреба“, но тие не се интерпретираат како да го забрануваат секој вид физичко казнување во секоја средина. Сите држави ја имаат прифатено Конвенцијата на ОН за правата на детето, а во некои Конвенцијата сочинува дел од националниот закон, но повторно, ова не е адекватно на обезбедување забрана.

Правната реформа треба да ги отстрани сите постоечки оправдувања или пречки што може да спречат законите за кривичен напад да се применуваат под еднакво за казниви напади на деца. Потребна е експлицитнатата забрана на физичкото казнување и на други сурови или деградирачки форми на насилство за да се испрати јасна порака до семејствата и до општеството воопшто дека повеќе не е прифатливо ниту законски да се удри дете повеќе одошто да се удри било кој друг.

Не е доволно највисоките судови на државите да решат дека физичкото казнување е незаконско: таквите пресуди може да бидат проследени со други кои одобруваат некакво ниво на физичко казнување. Забраната мора јасно да се востанови во законодавството. Како што објаснува Комитетот за правата на детето во својот Општ коментар бр. 8:

> Во поглед на традиционалното прифаќање на насилните и понижувачки форми на казнување на децата, сé поголем број на држави признаваат дека само укинувањето на авторизирањето на физичкото казнување и постоечките одбрани не се доволни. Освен тоа, потребна е експлицитна забрана на физичкото казнување и други сурови и деградирачки форми на казна, во нивното граѓанско или кривично право, за да биде апсолутно јасно дека е исто толку незаконски да се удри или „потчукне“ или „плесне“ дете колку што е тоа да му е стори на возрасен, и дека кривичниот закон за напад под еднакво се применува и на такво насилство, без оглед дали тоа е наречено „дисциплина“ или „разумна корекција“. [10]

Отпорот кон укинувањето на физичкото казнување во семејството понекогаш потекнува од верувањето дека тоа ќе доведе до гонење или затворање на илјадници родители. Ова секако нема да им помогне на децата. Комитетот за правата на детето им дава натамоштен совет на државите:

Принципот на еднаква заштита на децата и возрасните од напад, вклучувајќи и напад во семејството, не значи дека сите случаи на физичко казнување на децата од страна на нивните родители што ќе излезат на видело треба да доведат до кривично гонење на родителите. Принципот de minimis – дека законот не се занимава со ситни нешта – обезбедува дека помалите напади меѓу возрасните може да дојдат до суд само во многу исклучителни околности; истото важи и за напади од помал степен врз деца. Државите треба да развијат ефективни механизми за известување и за упатување. Додека извештаите во врска со насилство врз децата треба да бидат соодветно истражени, и да се обезбеди заштита на децата од значителна штета, сепак целта треба да биде да се спречат родителите да користат насилни или други сурови или деградирачки казни, преку интервенции на поддршка и образование, а не преку казнување на родителите.

> Статусот на зависност на децата и единствената интимност во рамки на семејните односи бараат одлуките за поднесување тужба против родителите, или друг вид на формална интервенција во семејството, да се преземаат многу внимателно. Гонењето на родителите во најголем број случаи не е во најдобриот интерес на нивните деца. Гледиштето на Комитетот е дека гонењето и други формални интервенции (на пример, да се оддалечи детето или да се оддалечи виновникот) треба да се преземат само кога се сметаат за неопходни за да се заштити детето од значителна штета и кога се смета дека се во најдобар интерес за засегнатото дете. Треба да им се даде соодветна тежина и на гледиштата на засегнатото дете, во согласност со неговата или нејзината возраст и зрелост. [11]

До октомври 2007 година, повеќе од половина од земјите-членки на Советот на Европа постигнаа или забрана, или се обврзаа на неа во блиска иднина. Треба да се надеваме дека сите други држави брзо ќе го разгледаат своето законодавство и ќе ги претставаат неопходните реформи пред својот парламент. Процесот на законска реформа може да биде образовен, при што владата, како и политичките лидери и лидерите на заедниците може да го користат за да ги истакнат правата на децата на еднаква заштита на нивното човечко достоинство.

## Политичка реформа

Државите имаат обврска да обезбедат сеопфатен и повеќесекторски одговор на сите форми на насилство врз децата. Забраната на физичкото казнување повикува на развој на стратегии и услуги што спречуваат насилство, ефикасно ги заштитуваат децата и им помагаат на децата жртви. Истражувањата покажуваат дека различни интервенции може да спречат насилство. На пример, насилството во домашни услови може значително да се намали со имплементирање на закони, стратегии и мерки кои ги зајакнуваат и поддржуваат семејствата, и кои се однесуваат на општествените и друштвените фактори кои овозможуваат опстојување на насилството.

### Политика на поддршка на позитивно воспитување

Препораката на Советот на Европа од 2006 година за поддршка на позитивното воспитување ја подвлекува виталната улога на јавните власти во промовирање на образование за позитивно воспитување и за правата на децата. Таа, исто така, обезбедува инструкции како да им се помогне на земјите-членки да воспостават стратегии со цел да им се помогне на родителите.

Современото семејство може да биде многу различно од традиционалниот модел на семејство од минатото. Денешниот диверзитет на стилови на живот доведе до нови концепти на формирање партнерства и деца. Семејните единици, без оглед на нивниот состав, се соочуваат со нови типови на притисок што доаѓа како резултат на брзите и длабоки промени во општествата на кои тие мора да се адаптираат. Економските и социјалните фактори често се извор на стрес за родителите и може да ги намалат нивните напори во воспитувањето на децата како и во нивниот сопствен развој како поединци.

Перцепцијата кон децата е исто така сменета. Тие повеќе не се сметаат пред сѐ како „идни возрасни", туку денес се смета дека тие имаат потенцијал да бидат активни членови кои придонесуваат и кон семејството и кон општеството. Децата имаат целосни права, а на нивните мислења треба да им се даде соодветна тежина во работи што директно ги засегнуваат, и тие треба да имаат целосен пристап до информациите што им се потребни за да се информираат.

Одговорност на родителите е да им помогнат да го реализираат овој потенцијал.

Никој не сака за себе да мисли дека е „негативен родител“, но што всушност значи да се биде „позитивен родител“? Позитивно воспитување се однесува на однесувањето на родителите што е засновано врз најдобриот интерес на детето: она кое обезбедува нега, зајакнување, признавање и упатување, кое го вклучува поставувањето на границите за да се обезбеди целосен развој на детето. Позитивното воспитување се заснова врз почитувањето на човековите права на децата а со тоа и ненасилна средина, каде што родителите не користат физичко или психолошко понижувачко казнување за да решат конфликт или да „подучуваат“ дисциплина и почитување.

Тоа обезбедува алтернативи на насилството што зависат од зрелоста и состојбата на секое поединечно дете. Тие можат да варираат од смирување на помладите деца со хумор до барање постарите деца да ги поправат штетите или да надокнадат за некое свое лошо однесување. Ако емоциите се премногу големи, родителите може да ја остават ситуацијата таква каква што е и да се навратат на неа подоцна. Најголем дел од физичкото казнување всушност потекнува од родители што се под преголем стрес и кои едноставно ја загубиле контролата.

**Што им е потребно на децата**

За да им се помогне на децата да го употребат својот потенцијал до максимум, родителите треба да им овозможат на децата:
нега. Родителите треба соодветно да одговорат на потребата на децата за љубов и за сигурност;
структура и упатување. Ова се однесува на воспоставувањето и почитувањето на стандарди на соодветно однесување, кои означуваат што е несоодветно однесување, и обезбедуваат добар модел за однесување за децата. На децата им се потребни граници и упатства заради нивна безбедност и развој на сопствени вредности;
признавање. На децата им е потребно другите да ги гледаат, слушаат и вреднуваат како личности. Родителите треба да покажат интерес за секојдневните искуства на своите деца, да ги слушаат и да се обидат да ги разберат нивните гледишта;

зајакнување. Ова значи зајакнување на чувството за натпревар кај децата, лична контрола и способност да влијаат врз ставовите и однесувањата на другите.

За да им помогнат на децата да се научат на позитивно однесување, родителите можат:
да обезбедат редовно, позитивно внимание, на сите возрасти. Како што децата стареат, ова вклучува свест и интерес за односи со своите врсници и за работа на училиште;
да им помогнат да ги разберат потенцијалните последици од својот избор;
да го охрабрат доброто однесување со внимание и пофалба, а да ги игнорираат помалите недоличности;
да се однесуваат онака како што сакаат нивните деца да се однесуваат, да комуницираат со нив со почит и да им покажат како конструктивно да ги решаваат конфликтите.

**Што им е потребно на родителите**

Сите родители сакаат да бидат добра мајка и добар татко на своето дете. Ова понекогаш е тешко да се постигне. Воспитувањето, освен што е искуство кое носи радост и задоволство, може да биде и стресно. Затоа на родителите им е потребна помош да го надминат стресот, да се справат со конфликтот и да ја контролираат лутината.

Голем број родители го делат своето време и енергија меѓу различни обврски (како работното место, грижа за децата, грижа за постарите членови на семејството). Времето со децата е мошне драгоцено – минува брзо и нема да се врати. За позитивно воспитување потребно е време за да родителите и децата можат да бидат заедно. Додека ова е особено важно во најраните години од животот на детето, не треба да заборавиме дека и на тинејџерите им е потребно родителите да им бидат достапни. Исто така, неопходно е родителите да најдат време за да се грижат за себе како возрасни, да обратат внимание на своите потреби за интимност, друштво и рекреација. На родителите им се потребни стратегии за вработување и места за грижа на детето, што ќе им овозможат да го балансираат семејниот со професионалниот живот.

Родителите може многу да научат од споделување на своите искуства со други родители, пријатели и семејството. Тие може да користат и професионални услуги кои директно (како

образование за тоа како да се воспитува) и индиректно (како терапија за двојки) ги поддржуваат во нивната улога како родители. Барањето помош е знак на одговорност, а не на слабост. За да може ефективно да се биде родител, и да им се овозможи контакт, поддршка и упатување на децата, на родителите им се потребни ресурси и поддршка. Државите треба да обезбедат тие да им бидат достапни на родителите и на професионалците кои работат со деца, како и да обезбедат дека родителите и професионалците кои работат со деца се свесни за нив.

**Позитивното воспитување има многу позитивни последици**

Децата подобро се согласуваат со другите. Децата имаат помалку бунтовничко однесување однесувањето и емоционални проблеми, и се поотворени во врска со своите грижи и стравови. Ако кон нив се однесуваме со почит, шансите се дека и тие ќе се однесуваат кон другите со почит, вклучувајќи ги и своите деца. Позитивното воспитување им помага на децата и самите да станат позитивни родители.

Родителите имаат подобар однос со своите деца, се попозитивни и конзистентни, посамоуверени во себе како родители, помалку се под стрес, помалку депресивни, помалку избувнуваат со своите деца и постои помал ризик дека ќе ги злоупотребат. Тие можат подобро да балансираат меѓу семејните и работните обврски и имаат помалку меѓусебни конфликти.

Поддршката на посакуваното однесување и намалувањето на непосакуваното однесување најдобро ја пружаат родители кои нивните деца ги почитуваат. За ова е потребно родителите да бидат свесни дека и самите може да згрешат, истовремено преземајќи одговорност за начинот на своето воспитување и квалитетот на односот со своето дете ( наместо да го обвинуваат детето).

Новите ресурси на Советот на Европа – препораката од 2006 година во врска со политиката на поддршка на позитивното воспитување, Воспитување во современа Европа – позитивен пристап и Гледишта за позитивно воспитување и ненасилно одгледување 12 – детално се занимаваат со овој нов вид воспитување, и ја одразуваат насоката во која продолжува

работата на ова поле. Дури и ако овие гледишта за децата сé уште не се на сите политички агенди во Европа, нивното влијание се чувствува во професионалните кругови веќе извесно време. Тие сé посигурно се втемелуваат, и правно и во практиката, иако во различен степен во различни земји.

## Подигнување на свеста

Физичките казнувања на децата добиваат мало медиумско внимание кога ќе се споредат со прашања како што се полово насилство и експлоатација на детски труд. Како што истакнува студијата на ОН, медиумите играат централна улога во формирање на мислењата и влијаење врз општествените норми кои од своја страна исто така може да влијаат врз однесувањето. Прашањето на физичкото казнување треба да се донесе во јавната сфера; мора да се создаде простор за да се дискутираат прашањата и да се најдат решенија. Без подигнување на свеста, ќе биде тешко да се постигне сеопфатна, трајна превенција и промена на однесувањето.



Правата на децата се однесуваат на сите нас.

## Основните чекори за постигнување забрана – и во теорија и во пракса

### Правна реформа

- Да се обезбеди отсуство на одредби, било во статутот или во законот, што го оправдуваат физичкото казнување од страна на родителите или други лица.
- Да се обезбеди дека кривичното право за напади се применува еднакво и на казниви напади врз деца.
- Да се донесе експлицитна забрана за сите видови физичко казнување и секакво друго деградирачко или понижувачко однесување кон или казнување на децата, вообичаено во граѓанското право, а која ќе се однесува на сите средини каде што живеат децата.
- Да се обезбеди упатување на соодветното спроведување на овие закони, што се фокусира на заштита и промоција на човековите права на децата воопшто, и е во најдобар интерес на децата жртви поспецифично.

### Подигнување на свеста

- Да се обезбеди сеопфатно подигнување на свеста во врска со забраната на секаков вид физичко казнување и друг вид нечовечко или деградирачко однесување и понижување на деца, меѓу децата и сите оние кои живеат и работат со нив, и кај јавноста воопшто.
- Да се обезбеди сеопфатно подигнување на свеста за човековите права на децата, вклучувајќи го правото на почитување на нивниот човечки дигнитет и физички интегритет.

### Стратегии

- Да се обезбеди дека сеопфатните системи за спречување на насилство и заштита на децата се имплементираат на различни нивоа.
- Да се обезбеди физичкото казнување и други штетни и понижувачки форми на дисциплина на децата дома да бидат опфатени со дефиницијата за домашно или семејно насилство, а стратегиите да се елиминира казнивото насилство врз децата да се вклучат во стратегиите против домашното или семејното насилство.
- Да се обезбеди дека судови кои се занимаваат со семејни спорови како и други делови на правниот систем се чувствителни на потребите на децата и нивните семејства.
- Да се градат капацитети меѓу оние кои работат со деца и нивните семејства.
- Да се промовираат позитивни, ненасилни форми на воспитување деца, решавање

конфликти и образование на идните родители, оние кои веќе се родители и други лица кои се бават со грижа за деца, учители/учителки и за јавноста воопшто.

- Да се обезбеди достапност на совети и соодветна поддршка за сите родители, а особено за оние за кои воспитувањето деца е стресно.
- Да се обезбеди децата да имаат пристап до доверливи совети и советување, како и нивно застапување во борбата против насилството врз нив.
- Да се обезбедат ефективни и соодветни форми на заштита за децата кои може да бидат особено ранливи на штетно и понижувачко казнување – на пример децата со пречки во психо-физичкиот развој.
- Да се обезбеди децата и младите луѓе да имаат можност да ги изразат своите гледишта и да учествуваат во планирањето и активностите за елиминација на физичкото казнување.
- Набљудување на ефктивноста на забраната со редовно истражување на искуствата на децата поврзани со насилство во нивните домови, училишта или во други средини. Ова исто така треба да вклучи проценка на влијанието на забраната врз субјектите што даваат услуги за заштита на децата и врз родителите.



1669: палаво момче се противи на казнувањето во училиштето и пишува петиција до Парламентот на Обединетото Кралство.

## 4. Прашања, одговори и разоткривање на вкоренети концепти

### „Дали навистина боли?“

Да! Според Член 12 од Конвенцијата на ОН за правата на детето, децата имаат право да ги изразат своите гледишта во врска со сите аспекти што се однесуваат на нив, и на нивните гледишта да им се даде соодветна тежина. Децата почнуваат да ни кажуваат колку физичкото казнување ги повредува. Како што објаснува Паоло Серџо Пинеиро во неговиот извештај поднесен до Генералното Собрание на ОН во октомври 2006 година:

> Во текот на процесот на истражувањето, децата постојано ја изразуваа итната потреба да се запре целото ова насилство. Децата сведочат за повредата – не само физичка, туку и „внатрешната повреда“ – што ова насилство ја предизвикува кај нив, заедно со нејзиното прифаќање, дури и одобрување, од страна на возрасните. Владите треба да прифатат дека ова е навистина итен случај, иако не датира од неодамна. Децата се жртви на насилство во рацете на возрасните со векови, без тоа да биде видено или слушнато во јавноста. Но сега кога размерот и влијанието на насилсвтото врз децата станува видливо, тие не може да се остават да чекаат повеќе на ефективната заштита на која имаат неотуѓиво право“. [13]

Постојат голем број истражувања на ефектите на физичкото казнување и овие истражувања убедливо ја потврдуваат потенцијалната краткорочна и долгорочна штета од овие ефекти. „Физичко казнување од страна на родителите и детското однесување и искуство поврзани со него,“ мета-анализа на 88 истражувачки студии, беше објавена во 2002 година, и таа недвосмислено сведочи за опасностите. 14 Додека откритијата не се изненадувачки, тие истовремено во некоја смисла се и ирелевантни. Ние не би барале некакво истражување на ефектите од удирање жени или постари лица за да ја оправдаме забраната за нивно удирање: ова е прашање на основни права.

**Колку забраната напредува во Европа?**

Многу, но не доволно. Забраната на физичкото казнување во училиштата во Европа започна пред повеќе векови. Полска е првата земја за која постојат пишани сведоштва дека го забранила – во 1783 година. До 1900 година, следеа и други, вклучувајќи ги Австрија, Белгија и Финска, додека Советскиот Сојуз го забрани во 1917 година.

Во Обединетото Кралство, првиот обид за кој постојат пишани докази за укинување на физичкото казнување во училиштата бил изведен во 1669 година, кога едно „палаво момче“ поднело петиција до Парламентот „во име на децата на оваа нација“, за да протестира против „таа неподнослива мака во која живее нашата младина, во вообичаените суровости на училишната дисциплина на оваа нација“ – но минаа повеќе од три века пред забраната да биде остварена во училиштата во Обединетото Кралство.

Сега, буквално сите земји-членки на Советот на Европа се ангажираа да ставаат крај на физичкото казнување во училиштата. Во некои земји тоа е забрането во голем број институции и алтернативни форми за згрижување на децата, благодарение и на државата и на приватни и доброволни тела. Но во некои случаи, забраната е воведена преку административни регулативи или инструкции, а не преку јасни закони. Во многу земји, спроведувањето сé уште не е толку ригорозно и потребно е постојано внимание. Во неинституционалните форми на згрижување, вклучувајќи ги старателската грижа и чувањето деца, регулативите варираат, а во некои држави се претпоставува дека оние кои се грижат за децата ги имаат истите права како родителите да користат физичко казнување.

Реформите за укинување на правата на родителите да употребуваат физичко казнување почна во 1950-те. Во Шведска, во 1957 година, од кривичниот законик беше отстранета една одредба со која им се простува на родителите кои нанеле помали повреди преку физичкото казнување, а во 1966 година една друга одредба која дозволуваше „укори“ беше укината од Кодексто за родителство и старателство. Од тој момент, шведскиот закон повеќе не дозволува физичко казнување од страна на родителите, а кривичниот закон за напад еднакво се применува и на „дисциплинските“ напади врз деца.

Но, овие „тивки“ реформи не беа доволни, па во 1979 година Шведска стана првата земја во светот која експлицитно го забрани физичкото казнување. Во Кодексот на родителство сега се наведува: „Децата имаат право на грижа, безбедност и добра нега. Кон децата треба да се однесува со почит за нивната личност и индивидуалност и не смеат да бидат подложени на физичко казнување или каков било друг понижувачки третман.“

Други земји полека ги следеа овие чекори во текот на изминатите 25 години. До октомври 2007 година, 17 земји-членки ги завршија правните реформи за забрана на секаков вид физичко казнување на деца. Во овие земји, децата се заштитени со закон каде и да се и кој и да е насилникот – во нивните домови, на улиците, во институциите за дневно згрижување, образованието и сите институции. Во некои, но не во сите овие земји, правната реформа е придружена со подигнување на свеста и јавно образование во врска со правото на децата да бидат заштитени, и со промоција на позитивно ненасилно воспитување и грижа. Со оглед на длабоките традиционални корени на навиката да се удираат деца, јасно е дека образовниот процес мора да продолжи.

**„Зошто е толку тешко да се престане со удирање на децата?“**

Бидејќи голем број возрасни сé уште ја мешаат моќта со правото. Ако возрасните, вклучувајќи ги и политичарите, ова прашање го сметаат за лесно, одамна ќе прифатевме дека децата ги имаат сосема истите права, како и ние другите, на почит на нивното човечко достоинство и физички интегритет и на еднаква заштита пред законот. Всушност, веројатно е да прифатиме дека децата, кои го почнуваат животот многу мали и многу ранливи, имаат право на поголема заштита отколку возрасните.

Тешко е возрасните да се откажат од она што сé уште го сметаат како „право“ да ги удрат и повредат децата во име на „дисциплина“ и контрола. Ова се чини дека потекнува од личното искуство. Повеќето луѓе, од каде и да доаѓаат, биле удирани како деца од своите родители. Повеќето родители ги имаат удрено своите деца. Никој од нас не сака да мисли лошо за своите родители, или за својата улога на родител, и затоа за многу луѓе, вклучувајќи ги и политичарите и оние кои влијаат на јавното мислење, па дури и оние кои работат на полето на заштита на децата, е вистински предизвик физичкото казнување да го сметаат за основно

прашање на еднаквост и човеково право, што всушност е. Ова не е за обвинување – родителите постапувале според општествените очекувања – но дојде време да одиме понатаму кон позитивен, ненасилен однос кон децата.

Обидувајќи се да го елиминираме физичкото казнување, едноставно ја прошируваме и на децата целосната заштита од напад или друга сурова или деградирачка казна, која ние како возрасни ја сфаќаме здраво за готово.

**„Според анкетите, повеќето луѓе се против формална забрана на физичкото казнување!“**

Резултатите од анкетите генерално зависат од тоа како се поставени прашањата и колку информации имаат оние кои ги одговараат прашањата. Ако луѓето се целосно информирани за ова прашање, за постојната нееднаквост на заштитата на децата и за целта на забраната, веројатно би ја поддржувале. Но, во секој случај, во врска со ова прашање, како и со други – насилство врз жените, расна дискриминација – политичарите мора да го предводат, а не да го следат јавното мислење, истакнувајќи ја апсолутната обврзаност кон почитувањето на човековите права со цел да се осигура дека законот им овозможува на децата, исто како и на возрасните, целосна заштита на нивното човечко достоинство. Речиси сите земји-членки што го имаат забрането физичкото казнување го сториле тоа пред да биде прифатено од јавното мислење, но јавното мислење многу брзо се свртило кон поддршка на промената. За неколку години, ќе гледаме со чудење на времето кога било законски и прифатливо да се удираат децата.

**„Ако родителите се принудени да се откажат од употребата на физичко казнување, нема ли децата да израснат размазени и недисциплинирани личности?“**

Не! Вистинската дисциплина не се заснова врз сила. Таа потекнува од разбирање, меѓусебна почит и толеранција. Бебињата го почнуваат својот живот сосема зависни и, како што растат, тие се потпираат врз возрасните – особено врз нивните родители – да ги упатуваат и да им пружат поддршка кон самодисциплинирана зрелост. Физичкото казнување не им кажува на децата ништо за тоа како треба да се однесуваат. Напротив, удирањето на

деца е лекција по лошо однесување. Ги учи децата дека за нивните родители, кои тие веројатно ги сакаат и ги почитуваат, е прифатливо да користат насилство за да ги решат проблемите или конфликтите. Децата учат од она што го прават нивните родители, не само од она што тие го зборуваат. Физичкото казнување и другите понижувачки форми на казнување не се замена за позитивните форми на дисциплина кои, далеку од тоа дека ги размазуваат децата, имаат за цел да обезбедат дека тие учат да размислуваат за другите и за последиците од своите постапки. Државите имаат обврска да го поддржуваат позитивното воспитување од страна на родителите. Препораката на Комитетот на министри (Rec(2006)19) во врска со политика за поддршка на позитивно воспитување им дава упатства како да го сторат тоа.

**„Јас бев тепан како дете и од тоа немам никаква штета. Всушност, не би бил таму каде што сум денес ако моите родители не ме казнуваа физички.“**

Како го знаете ова? Никој од нас не знае какви би биле ако нашите родители никогаш не нé удреле или понижиле. Колку луѓе, велејќи дека немаат никаква штета, ја негираат болката што ја искусиле кога возрасните што им се најблиски мислеле дека ќе ги научат со тоа што ќе им нанесат болка? Луѓето обично почнуваат да ги удираат децата бидејќи тие самите биле удирани како деца, иако, според истражувањето, тие потоа често се чувствуваат виновни заради тоа. Но, и натаму продолжуваат да ги удираат своите деца, особено кога се на крај со нервите. Бесмислено е да се обвинуваат претходните генерации за удирање на децата бидејќи тие постапувале во согласност со културните норми што постоеле во нивно време.

Но времињата се менуваат, а општествата продолжуваат натаму. За признавање на децата како лица што имаат права потребна е акција за да се стави крај на легалноста и општественото прифаќање на насилството врз децата, исто како што општествата се придвижија напред кон ставање крај на прифаќањето на насилството врз жените.

**„Родителите имаат право да ги воспитуваат своите деца како што сметаат дека тоа е правилно. Треба да им се спротивставиме само во екстремни случаи, како што е злоупотреба на деца.“**

Човековите права не запираат на прагот од вашиот дом. Децата ги имаат истите права како и сите други членови на семејството на заштита од удирање, и повеќе не се смета за поголемо мешање ако се инсистира дека законот ги заштитува децата во домот отколку ако се инсистира мажите да престанат да ги тепаат своите сопруги. Конвенцијата за правата на детето на ОН го воведе концептот „родителски одговорности“, при што основна одговорност на родителот претставуваат најдобрите интереси за детето. Децата не се сопственост на своите родители.

**„Постои голема разлика меѓу тепање на детето и потчукнување со љубов.“**

За законот, разликата е ирелевантна. Едното физички повеќе боли од другото, но и двете се наоѓаат на хоризонталата на насилство, и обете го прекршуваат еднаквото право на детето на почитување. Општествата не повлекуваат линии и не се обидуваат да оправдаат одредено ниво на насилство кога се борат против насилството врз жените или врз постарите лица. Тогаш зошто тоа да го прават кога станува збор за деца? А опасностите што произлегуваат од поврзување меѓу сакањето и повредувањето на луѓето треба да бидат очигледни. „Потчукнување со љубов“ е контрадикција од најлош вид. Овој навидум безопасен термин е завеса зад која може да се сокрие насилство.

**„Ги удирам децата само за да ги спречам да не се повредат.“**

Удирањето не е заштитување! Родителите може да употребат физички акции за да ги заштитат децата – особено бебињата и малите деца – цело време. Тоа е природен дел од воспитувањето. Ако детето лази кон оган, или трча на опасен пат, се разбира дека родителите ќе употребат физички средства за да ги запрат – ќе ги фатат, ќе ги кренат, ќе им ја покажат и објаснат опасноста. Како што објаснува Комитетот за правата на детето во својот Општ коментар бр. 8:

> Комитетот признава дека воспитувањето на децата и грижата за децата, особено за бебињата и малите деца, бара чести физички акции и интервенции заради нивна заштита. Ова е сосема различно од намерната и казнивата употреба на сила со цел да се предизвика одреден степен на болка, неудобност или понижување. Како возрасни, самите ја знаеме разликата меѓу физичката акција со цел некој да се заштити и нападот со цел некој да се казни; не е потешко да се направи разлика во однос на акциите насочени кон децата. Законот во сите држави, експлицитно или имплицитно, овозможува употреба на неказнива и неопходна сила за да се заштитат луѓето.[15]

**„Мојата религија бара од мене да употребувам физичко казнување.“**

Верската слобода не може да биде спротивна на човековите права. Како што јасно става до знаење Комитетот за правата на детето во Општиот коментар бр. 8:

> Некои покренуваат оправдувања за физичко казнување засновани врз својата вероисповед, укажувајќи на тоа дека одредени интерпретации на верски текстови не само што ја правдаат неговата употреба, туку и укажуваат на должност тоа да се употребува. Почитувањето на слободата на вероисповед е наведено во Конвенцијата за граѓански и политички права (Член 18), но практикувањето на религијата или верата мора да биде конзистентно со почитувањето на човечкото достоинство и физички интегритет на другите. Слободата да се практикува одредена религија или вера може легитимно да се ограничи за да се заштитат фундаменталните права и слободи на другите.[16]

Верските екстремисти кои се застапуваат за ритуално удирање на децата со различни средства треба да се осудат и од широко прифатеното религиозно мислење и од општеството како целина. Видни верски лидери денес се вклучуваат во кампањата за забрана на секаков вид физичко насилство. На Светското собрание на религии за мир,

одржано во 2006 година во Кјото, Јапонија, повеќе од 800 верски лидери ја потврдија својата „религиозна посветеност на борбата против насилството врз децата,“ која ги поттикнува владите да усвојат закони во согласност со Конвенцијата за правата на детето и да забранат секаков вид насилство, вклучувајќи и секаков вид физичко казнување.

**„Ако физичкото казнување на деца стане кривично дело, илјадници родители ќе бидат гонети, а уште повеќе деца ќе бидат ставени под грижа на државата.“**

Овде не станува збор за тоа родителите да се ставаат во затвор. Станува збор за тоа да се научи позитивно да се воспитуваат децата. Не постојат докази за зголемено гонење на родителите од сé поголемиот број земји каде што физичкото казнување станало кривично дело. Забраната за физичко казнување ги исполнува обврските на земјите-членки за почитување на човековите права на децата. Првата цел е образовна и, како што е погоре споменато, таа цел е да се испрати јасна порака до „приватноста“ на домот дека не е повеќе прифатливо или законски да се удри дете одошто да се удри кој било друг. Упатствата до сите оние кои се вклучени во заштитата на детето, вклучувајќи ја и полицијата и обвинителството, треба да обезбедат дека имплементацијата на законот е фокусирана на најдобриот интерес на детето. Правното гонење и други формални интервенции не би биле во корист на децата, освен ако не се единствениот начин да се постигне неопходната заштита од нанесување значителна болка.

**„Забраната на физичкото казнување само ќе доведе до тоа децата да се третираат на уште полош начин – емоционална злоупотреба, понижување или заклучување.“**

Децата имаат право на заштита не само од физичкото казнување, туку и од сите други форми на суровост или деградирачки казни или однесување. Законските реформи треба да се поврзат со подигнување на свеста и промовирање на позитивни, ненасилни односи со децата. Родителите сакаат нивните деца да го имаат најдобриот можен почеток во животот. Родителите кои ги удираат своите деца не се чувствуваат добро во врска со тоа – најчесто се чувствуваат вознемирени или виновни. Затоа, на повеќето од нив добро ќе им дојде совет за тоа како да ги запрат или решат конфликтите со своите деца. Стратегиите за позитивно воспитување им помагаат на родителите да им овозможат на своите деца да ги разберат,

прифатат и почитуваат правилата (дисциплина) без употреба на какво било насилство, без разлика дали тоа е физичко или емоционално. Напредокот од удирање и понижување на децата до однесување со нив како со луѓе и иматели на права исто како и ние другите го подобрува семејниот живот за сите.

**„Зошто и законот да се вклучува во ова? Зошто само да не се едуцираат родителите да не употребуваат физичко казнување?“**

За укинување се потребни и двете работи. Тоа не е прашање на избор: за почитување на човековите права потребно е децата да ја имаат барем истата правна заштита како и возрасните – во семејството и на секое друго место – и тоа веднаш. Самиот закон е моќно образовно средство, и секако дека законската реформа со која се забранува физичкото казнување треба да се поврзе со јавното образование и едукацијата на родителите. Забраната ќе ги мотивира родителите да бараат позитивни начини за едукација на нивните деца и ќе ги мотивира професионалците, политичарите и медиумите да побараат средства и да ја овозможат ваквата едукација. Советот на Европа е подготвен да им помогне на родителите и професионалците во оваа тешка работа.



Децата не се сопственост на нивните родители.



На децата им е потребна поголема, а не помала заштита.

## Белешки кон текстот

1. Комитет за правата на децата на Обединетите нации, Општ коментар бр. 8, 2006 година, параграф 11. Видете: <http://www.ohchr.org/english/bodies/crc/comments.htm>.
2. Правото да не се биде удрен, исто така право на децата, текст од Томас Хамарберг, Комесар за човекови права на Советот на Европа, 6 јуни 2006 година. Видете: <http://www.coe.int/children> (говори, Хамарберг).
3. Европска комисија за човекови права, одлука за дозволеност, Седум поединци против Шведска, 1982; пријава бр. 881/79. Видете на: <http://www.echr.coe.int/echr>.
4. Европски суд за човекови права, А против Обединетото Кралство, 1998 година. Видете на: <http://www.echr.coe.int/echr>.
5. Совет на Европа: Европски комитет за социјални права, Општа опсервација што се однесува на Член 7 (параграф 10) и Член 17, Заклучоци XV-2, Vol. 1, Општ вовед, стр. 26.
6. Комитет за правата на детето на Обединетите нации, op. cit., пасуси 3 и 21.
7. Извештај на независниот експерт за Студијата на Обединетите нации во врска со насилство врз децата: Вовед, параграф 1, Видете на: <http://www.violencestudy.org/IMG/pdf/English.pdf>.
8. Ibid., параграфи 1-2.
9. Ibid., параграф 41.
10. Комитет за правата на детето на Обединетите нации, op. cit., параграф 34.
11. Ibid., параграфи 40-41.
12. Воспитувањето во современа Европа – позитивен пристап и гледишта во врска со позитивната родителска грижа и ненасилното воспитување, Издание на Советот на Европа, 2007.
13. Паоло Серџо Пинеиро, Светски извештај за насилството врз децата, стр. 5. Студија на Генералниот секретар на Обединетите нации за насилство врз децата, Женева, 2006 година.
14. Елизабет Томсон Гершоф, „Физичко казнување од страна на родителите и однесувањата и искуствата на децата поврзани со него“ во Psychological Bulletin, 2002, Vol.128, бр. 4, 539-79.
15. Комитет за правата на детето на Обединетите нации, op. cit., параграф 14.
16. Ibid., параграф 29.



Заштитата на децата бара стратешки пристап.

## Научете повеќе

### За Советот на Европа – неговите тела и институции

Советот на Европа е основан во 1949 година и тоа е најстарата сеевропска организација за човекови права во Европа. Нејзина цел е да развива заеднички и демократски принципи базирани врз Европската конвенција за човекови права и други референтни текстови при заштитата на поединците. За информации во врска со неговите членки, неговата историја, неговите тела и институции, и тековните активности, видете ја неговата интернет страница: <http://www.coe/int>.

„Градење на Европа за и со децата“ е сеопфатна програма воспоставена со цел да ги промовира правата на децата и да ги заштитува децата од сите форми на насилство. Нејзината интернет страница содржи информации за главните активности, документи, правни текстови на Советот на Европа, како и вести поврзани со човековите права, вклучувајќи ја европската информативна кампања против физичкото казнување на деца (2008), која е дел од програмата. Посетителите имаат пристап до информации за правниот статус на физичкото казнување во 47-те земји-членки, кои редовно се ажурираат од страна на Глобалната иницијатива за ставање крај на секакво физичко казнување на деца. Видете на: <http://www.coe.int/children>.

Комитетот на министри е одлучувачко тело на Советот на Европа. Се состои од министрите за надворешни работи на сите земји-членки, или нивни постојани дипломатски претставници во Стразбур. Тоа е истовремено и владино тело, каде што на исто ниво може да се разговара за националните пристапи кон проблемите со кои се соочува европското општество, и колективен форум, каде што се формулираат одговори на таквите предизвици ширум Европа. Во соработка со Парламентарното собрание, тој е чувар на основните вредности на на Советот, и го набљудува усогласувањето на земјите-членки со нивните активности. Видете на: <http://www.coe.int/t/cm>.

*Релевантни препораки на Комитетот на министри*

Препорака Rec(2006)19 во врска со политиката да се поддржи позитивно воспитување, и извештајот со објаснување
Препорака Rec(2005)5 во врска со правата на децата кои живеат во резиденцијални институции
Препорака бр. R (93) 2 во врска со медицинско-социјалните аспекти на злоупотребата на деца
Препорака бр. R (90) 2 во врска со социјалните мерки што се однесуваат на насилството во семејството
Препорака бр. R (85) 4 во врска со насилство во семејството

До сите правни текстови на Комитетот на министри може да се пристапи на интернет страницата на Комитетот или на страницата на „Градење на Европа за и со децата" на <http://www.coe.int/children> (key legal texts).

Парламентарното собрание е составено од претставници на националните парламенти од 47-те земји-членки на Советот на Европа. Тие се среќаваат четири пати годишно за да разговарааат за одредени теми, да побараат од земјите да преземат иницијативи и повторно да известат со повратни информации. Овие избрани парламентарци ги покренуваат прашањата што се од нивен интерес и владите на европските земји – претставени во Советот на Европа преку Комитетот на министри – се обврзани да одговорат. Видете на: <http://assembly.coe.int>.

*Релевантни препораки на Парламентарното собрание*

Препорака 1778 (2007) во врска со децата жртви: во која се наведени сите форми на насилство, експлоатација и злоупотреба
Препорака 1666 (2004) во врска со забрана за физичко казнување ширум Европа
До сите правни текстови на Парламентарното собрание може да се пристапи на интернет страницата на Собранието, или на страницата на „Градење на Европа за и со децата" на <http://www.coe.int/children> (key legal texts).

**Комесарот за човекови права** е независна институција во рамки на Советот на Европа, чиј мандат е да ја промовира свеста за и почитувањето на човековите права во земјите-членки. Комесарот соработува со широк опсег на меѓународни и национални институции, како и механизми за мониторинг на човековите права. Меѓу најважните меѓувладини партнери на Комесарот се Обединетите нации и нивните специјализирани агенции, Европската унија и Организацијата за безбедност и соработка во Европа. Комесарот исто така блиску соработува со водечки невладини организции (НВО) за заштита на човековите права, универзитети и „тинк-тенк" организации. Видете на: <http://www.coe.int/t/commissioner>.

**Конвенцијата за заштита на човековите права и фундаментални слободи** (CETS бр 005), позната по својот краток наслов, Европска конвенција за човекови права (ECHR) стапи на сила во септември 1953 година. ECHR ги наведува граѓанските и политичките права и слободи што ја формираат основата за човековите права во Европа. За разлика од Конвенцијата за правата на детето на ОН, ECHR нема одредби што се однесуваат специфично на децата и младите луѓе, иако некои права, како што е правото на образование, се применуваат конкретно на децата. Меѓутоа, Член 1 од Конвенцијата наведува дека државите „ќе ги обезбедат" – а не „ќе преземат мерки за да ги обезбедат" како што стои во повеќето меѓународни договори – „секому правата и слободите" што се таму дефинирани. Така, децата имаат право на заштита на нивните човекови права. Сите земји-членки на Советот на Европа се обврзани со оваа Конвенција. До неа може да се дојде преку Treaty Office (линк до меѓународните договори), со користење на горенаведениот број на серии на европски договори на Советот на Европа. Видете на: <http://conventions.coe.int>.

**Европскиот суд за човекови права** е основан во 1959 година. Судот е механизам за мониторинг, создаден од Европската конвенција за човекови права за да го обезбеди усогласувањето со обврските на земјите согласно Конвенцијата. Неговите 47 судии (кои одговараат на бројот на земји потписнички на Конвенцијата) имаат индивидуален капацитет и не претставуваат одредена земја. Член 34 наведува дека Судот може да добие пријави од „секое лице" кое тврди дека е жртва на насилство на правата гарантирани со Конвенцијата. Не постои дистинкција меѓу мажи и жени, странци и државјани, возрасни и малолетници: така, дете кое сé уште не е полнолетно може да поднесе пријава директно до Европскиот

суд за човекови права. Судот има донесено значајни одлуки во врска со насилство против децата, вклучувајќи и физичко казнување. Избор на правни случаи релевантни за детските права може да се најде на горенаведената интернет страница на „Градење на Европа за и со децата", а до сите одлуки и пресуди може да се пристапи со користење на Hudoc, он-лајн базата на податоци на Судот. Може да се следат заседанија на судот преку интернет. За сите информации во врска со историјата и организацијата на Судот, процесирање на случаи и прецедентно право, видете на: <http://www.echr.coe.int>.

**Европската социјална повелба** (1961, CETS No. 035) и Ревидираната европска социјална повелба (1996, CETS No. 163) гарантираат економски и социјални човекови права, и се комплементарни со ECHR. Голем број од правата гарантирани со двете повелби се однесуваат на деца и во неколку случаи, ги обезбедуваат нивните права од раѓање до периодот кога стануваат возрасни. Ревидираната Повелба вклучува одредби со специфична релевантност за децата, кои ги заштитуваат како членови на семејството. Повелбите се достапни преку Treaty Office, со користење на CETS броевите дадени погоре. Видете на: <http://conventions.coe.int>.

**Европскиот комитет за социјални права** (ECSR) го набљудува усогласувањето на законите и практиката со Европската социјална повелба и Ревидираната европска социјална повелба. Ги усвојува заклучоците во однос на националните извештаи и одлуки по колективните жалби. Од протоколот од 1995 година, колективни жалби може да се поднесат во ECSR од страна на некои меѓународни организации на работодавачи и синдикати, некои НВО, и организации на работодавачи и синдикати во засегнатите земји. Процедурата за колективни жалби е особено ефективна во заштита на правата на децата со оглед на тоа дека може да се поднесе во нивно име. Целосни информации за ECSR може да добиете на нивната интернет страница преку главната интернет страница на Советот на Европа на <http://www.coe.int> (човекови права).

## За Обединетите нации

Обединетите нации (ОН) беа основани во 1945 година и речиси сите признати земји во светот се земји-членки на ОН. Откако беше усвоена Универзалната декларација за човекови права во 1948 година, Обединетите нации донесоа повеќе од 60 договори што се однесуваат на прашања како што се ропство, спроведување правда, геноцид, статус на бегалците и малцинствата и човековите права. Секој од овие договори е заснован врз концептите на недискриминација, еднаквост и признавање на достоинството на секој поединец, јасно ставајќи до знаење дека се однесуваат на сите, вклучувајќи ги и децата. Затоа, децата имаат право на правата и заштитата изложени во рамки на Конвенцијата на ОН за правата на детето, како и во други договори што се однесуваат на човековите права.

Конвенција на Обединетите нации за правата на детето (UNCRC) е првиот правно-обврзувачки инструмент што вклучува цела низа на човекови права за децата – политички, граѓански, социјални, културни, економски. Четирите суштински принципи на конвенцијата се недискриминаторски; посветеност на најдобрите интереси на детето; правото на живот, опстанок и развој; и почит кон гледиштата на детето. Секое право што се содржи во конвенцијата е неодвоив дел од човечкото достоинство и хармоничниот развој на секое дете. UNCRC е најратификуваниот меѓународен договор што постои, но често се споменува и како најпрекршуваниот. Видете на: <www.ohchr.org/english/law/crc.htm>.

Комитет на Обединетите нации за правата на детето (CRC) е тело составено од 18 независни експерти што ја набљудува имплементацијата на UNCRC од страна на земјите потписнички. Комитетот ја објавува својата интерпретација на одредбите на конвенцијата во форма на општи коментари на тематски прашања, усвојува завршни заклучоци и одлуки во форма на препораки, и одржува годишен ден на дискусија со цел да негува подлабоко разбирање на конвенцијата и нејзините импликации. Видете на: <www.ohchr.org/english/bodies/crc/comments.htm>.

Студијата на Генералниот секретар на Обединетите нации за насилство врз децата е глобален напор да се изрази детална слика за природата, опсегот и причините за насилство врз децата, и да се предложат јасни препораки за акција со цел тоа да се спречи и да се одговори на него. Видете на: <http://www.violencestudy.org>.

## За владините акции и акциите на невладините организации

До октомври 2007 година, седумнаесет земји-членки на Советот на Европа го сменија своето законодавство со цел да забранат физичко казнување на децата. Тоа се: Австрија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Данска, Финска, Германија, Грција, Унгарија, Исланд, Летонија, Холандија, Норвешка, Португалија, Романија, Шведска и Украина.

Многу од владите на овие земји започнаа кампањи за ширење информации и подигање на свеста за да се помогне да се изменат ставовите на јавноста во однос на широкораспространетите средства на дисциплина и да се усвои прифаќање на новиот закон. Клучна работа на теренот беше спроведена од невладините организации (НВО), омбудсманите за деца, самите влади и многу други. Некои земји воспоставија дури и релевантни линии за помош и за родителите и за децата. Исто така, постојат многу тековни активности и кампањи чија цел е да го сменат законодавството, ставовите и однесувањата во земјите каде што физичкото казнување сé уште е легално. Ова резултираше во широк опсег на ресурсни материјали за родителите и за самите деца, и сите професионалци кои работат со децата, без оглед на правниот статус на физичкото казнување во дадена земја.

„Градење на Европа за и со децата“ ве поканува да ги истражите некои од ресурсите што се на располагање во вашата земја и надвор од неа. Партнерите на Советот на Европа наведени подолу може да се користат како почетна точка. Барање по клучен збор за „физичкото казнување“ на сите нивни интернет страници ќе ви даде огромна количина материјал од целиот свет – различни точки на гледиште, кампањи, пакети за оние кои работат во образованието, правни ажурирања, публикации, средства, статистики, информации за позитивно воспитување и ненасилна дисциплина, и така натаму. Исто така, ќе најдете и корисни линкови до други интернет страници.

Информациска мрежа за правата на детето (CRIN) е глобална мрежа што дистрибуира информации за Конвенцијата на ОН за правата на детето и детските права до НВО, агенции на ОН, меѓувладини организации, образовни институции и други експерти за правата на детето. Видете на: <http://www.crin.org>.

Европска мрежа на омбудсмани за деца (ENOC) е непрофитна асоцијација на независни институции за заштита на правата на децата. Нејзина цел е да охрабри најцелосна можна имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на детето, да поддржи колективно лобирање за детските права, да дели информации, пристапи и стратегии и да промовира независни канцеларии за деца. Видете на: <http://www.ombudsnet.org/enoc>.

Глобална иницијатива за укинување на секакво физичко казнување на децата е НВО што обезбедува информации за релевантнни стандарди за човековите права, клучни пресуди, глобалниот напредок кон негово укинување, истражување и линкови до материјали за позитивни, ненасилни односи со децата. Има развиено интернет ресурси за родители и наставници во поглед на дисциплина без физичко казнување. Видете на: <http://www.endcorporalpunishment.org>.

Спасете ги децата е независна глобална организација која води кампањи за долгорочни промени и подобрување на животите на децата. Присутна е во повеќе од 120 земји и ги охрабрува своите приврзаници да извршат притисок врз оние кои ги донесуваат одлуките и кои го формираат јавното мнение да ги изменат политиките и практиките, локално и глобално, со цел да обезбедат детските права да станат реалност. Спасете ги децата води кампања против физичкото казнување во многу земји и има развиено корисни кампањски материјали. Видете на: <http://www.savethechildren.net>.

Националното општество за спречување на суровоста кон децата (NSPCC) беше основано во 1884 година и е добротворна заедница лоцирана во Обединетото Кралство. Неговите клучни вредности се засновани врз Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето и негова цел е да стави крај на секаква суровост кон децата преку телефонски линии за помош, поддршка на семејства во неволја, кампања за промени на законот, и подигнување на свеста за злоупотребата. NSPCC има водено одлични кампањи против злоупотреба на деца и го објавува магазинот за родители „Вашето семејство". Видете на: <http://www.nspcc.org.uk>.

Избрани печатени публикации

Daly, Mary (ed.), Parenting in contemporary Europe – a positive approach:

Council of Europe Publishing, Strasbourg, 2007.
Eliminating corporal punishment – a human rights imperative for Europe's children, fully revised second edition: Council of Europe Publishing, Strasbourg, 2007.
Ending legalised violence against children – Global report 2007: Global Initiative to End All Corporal Punishment of Children, 2007.



Детските права придонесуваат кон напредокот на Европа.

Герштоф, Елизабет Томсон, „Физичко казнување од страна на родителите и на нив поврзани однесувања и искуства на децата: Мета-аналитички и теоретски преглед“, во Билтен од областа на Психологија , 2002, Вол. 128, Бр. 4,539-79.

Гоицеочеа, Пепа Хорно, Љубов, моќ и насилство – компаративна анализа на насоките на физичко и понижувачко казнување: Спасете ги децата Шпанија, 2005.

Харпер, Кејт, и др. , Крај на физичкото и понижувачкото казнување на децата – Прирачник за делување: Алијанска помеѓу Спасете ги децата Шведска и Меѓународната организација Спасете ги децата, 2005.

Харт, Стјуарт, Елиминирање на физичкото казнување – патот напред кон конструктивна дисциплина на децата: Унеско, Франција, 2005.

Хиндберг, Бабо, Крај на физичкото насилств: Шведското искуство за пружените напори за превенција на сите облици на насилство врз децата – и резултатите од нив: Министерство за здравство и социјални работи и Министерство за надворешни работи, Шведска , 2001.

Прирачник за имплементација на Конвенцијата за правата на детето, целосно ревидирано 2ро издание (вклучува детална анализа на надлежностите на Комитетот за правата на детето: Уницеф, 2002.

Пинхеиро, Паоло Сергио, Светски извештај за насилство врз децата ( по елаборативна публикација на горе наведениот студиски извештај на УН; ги содржи истражувањата за одредени случаи, најдобрите практики и препораки): Студија за насилство врз децата направена од страна на Генералниот секретар при Обединетите нации, Женева 2006.

Гледишта за позитивно воспитување и не насилно растење на децата: Издаваштво на Советот на Европа, Стразбур, 2007.

Вилоу, Каролин; Хајдер, Тина: Те боли одвнатре- сведоштва на децата за удирањето: Национално биро за децата и Спасете ги децата, Лондон, 1998.



Кривичното гонење на физичкото казнување на децата не значи ставање на родителите во затвор.

Вашите белешки

## Sales agents for publications of the Council of Europe
## Agents de vente des publications du Conseil de l'Europe

BELGIUM/BELGIQUE
La Librairie Européenne -
The European Bookshop
Rue de l'Orme, 1
B-1040 BRUXELLES
Tel.: +32 (0)2 231 04 35
Fax: +32 (0)2 735 08 60
E-mail: order@libeurop.be
http://www.libeurop.be
Jean De Lannoy
Avenue du Roi 202 Koningslaan
B-1190 BRUXELLES
Tel.: +32 (0)2 538 43 08
Fax: +32 (0)2 538 08 41
E-mail: jean.de.lannoy@dl-servi.com
http://www.jean-de-lannoy.be

CANADA
Renouf Publishing Co. Ltd.
1-5369 Canotek Road
OTTAWA, Ontario K1J 9J3, Canada
Tel.: +1 613 745 2665
Fax: +1 613 745 7660
Toll-Free Tel.: (866) 767-6766
E-mail: order.dept@renoufbooks.com
http://www.renoufbooks.com

CZECH REPUBLIC/
RÉPUBLIQUE TCHÈQUE
Suweco CZ, s.r.o.
Klecakova 347
CZ-180 21 PRAHA 9
Tel.: +420 2 424 59 204
Fax: +420 2 848 21 646
E-mail: import@suweco.cz
http://www.suweco.cz

DENMARK/DANEMARK
GAD
Vimmelskaftet 32
DK-1161 KØBENHAVN K
Tel.: +45 77 66 60 00
Fax: +45 77 66 60 01
E-mail: gad@gad.dk
http://www.gad.dk

FINLAND/FINLANDE
Akateeminen Kirjakauppa
PO Box 128
Keskuskatu 1
FIN-00100 HELSINKI
Tel.: +358 (0)9 121 4430
Fax: +358 (0)9 121 4242
E-mail: akatilaus@akateeminen.com
http://www.akateeminen.com

FRANCE
La Documentation française
(diffusion/distribution France entière)
124, rue Henri Barbusse
F-93308 AUBERVILLIERS CEDEX
Tél.: +33 (0)1 40 15 70 00
Fax: +33 (0)1 40 15 68 00
E-mail:
commande@ladocumentationfrancaise.fr
http://www.ladocumentationfrancaise.fr
Librairie Kléber
1 rue des Francs Bourgeois
F-67000 STRASBOURG
Tel.: +33 (0)3 88 15 78 88
Fax: +33 (0)3 88 15 78 80
E-mail: francois.wolfermann@librairie-kleber.fr
http://www.librairie-kleber.com

GERMANY/ALLEMAGNE
AUSTRIA/AUTRICHE
UNO Verlag GmbH
August-Bebel-Allee 6
D-53175 BONN
Tel.: +49 (0)228 94 90 20
Fax: +49 (0)228 94 90 222
E-mail: bestellung@uno-verlag.de
http://www.uno-verlag.de

GREECE/GRÈCE
Librairie Kauffmann s.a.
Stadiou 28
GR-105 64 ATHINAI
Tel.: +30 210 32 55 321
Fax.: +30 210 32 30 320
E-mail: ord@otenet.gr
http://www.kauffmann.gr

HUNGARY/HONGRIE
Euro Info Service kft.
1137 Bp. Szent István krt. 12.
H-1137 BUDAPEST
Tel.: +36 (06)1 329 2170
Fax: +36 (06)1 349 2053
E-mail: euroinfo@euroinfo.hu
http://www.euroinfo.hu

ITALY/ITALIE
Licosa SpA
Via Duca di Calabria, 1/1
I-50125 FIRENZE
Tel.: +39 0556 483215
Fax: +39 0556 41257
E-mail: licosa@licosa.com
http://www.licosa.com

MEXICO/MEXIQUE
Mundi-Prensa México, S.A. De C.V.
Río Pánuco, 141 Delegacíon Cuauhtémoc
06500 MÉXICO, D. F
Tel.: +52 (01)55 55 33 56 58
Fax: +52 (01)55 55 14 67 99
E-mail: mundiprensa@mundiprensa.com.mx
http://www.mundiprensa.com.mx

NETHERLANDS/PAYS-BAS
De Lindeboom Internationale Publicaties b.v.
M.A. de Ruyterstraat 20 A
NL-7482 BZ HAAKSBERGEN
Tel.: +31 (0)53 5740004
Fax: +31 (0)53 5729296
E-mail: books@delindeboom.com
http://www.delindeboom.com

NORWAY/NORVÈGE
Akademika
Postboks 84 Blindern
N-0314 OSLO
Tel.: +47 2 218 8100
Fax: +47 2 218 8103
E-mail: support@akademika.no
http://www.akademika.no

POLAND/POLOGNE
Ars Polona JSC
25 Obroncow Street
PL-03-933 WARSZAWA
Tel.: +48 (0)22 509 86 00
Fax: +48 (0)22 509 86 10
E-mail: arspolona@arspolona.com.pl
http://www.arspolona.com.pl

PORTUGAL
Livraria Portugal
(Dias & Andrade, Lda.)
Rua do Carmo, 70
P-1200-094 LISBOA
Tel.: +351 21 347 42 82 / 85
Fax: +351 21 347 02 64
E-mail: info@livrariaportugal.pt
http://www.livrariaportugal.pt

RUSSIAN FEDERATION/FÉDÉRATION DE RUSSIE
Ves Mir
9a, Kolpacnhyi per.
RU-101000 MOSCOW
Tel.: +7 (8)495 623 6839
Fax: +7 (8)495 625 4269
E-mail: orders@vesmirbooks.ru
http://www.vesmirbooks.ru

SPAIN/ESPAGNE
Mundi-Prensa Libros, s.a.
Castelló, 37
E-28001 MADRID
Tel.: +34 914 36 37 00
Fax: +34 915 75 39 98
E-mail: libreria@mundiprensa.es
http://www.mundiprensa.com

SWITZERLAND/SUISSE
Van Diermen Editions – ADECO
Chemin du Lacuez 41
CH-1807 BLONAY
Tel.: +41 (0)21 943 26 73
Fax: +41 (0)21 943 36 05
E-mail: info@adeco.org
http://www.adeco.org

UNITED KINGDOM/ROYAUME-UNI
The Stationery Office Ltd
PO Box 29
GB-NORWICH NR3 1GN
Tel.: +44 (0)870 600 5522
Fax: +44 (0)870 600 5533
E-mail: book.enquiries@tso.co.uk
http://www.tsoshop.co.uk

UNITED STATES and CANADA/ÉTATS-UNIS et CANADA
Manhattan Publishing Company
468 Albany Post Road
CROTTON-ON-HUDSON, NY 10520, USA
Tel.: +1 914 271 5194
Fax: +1 914 271 5856
E-mail: Info@manhattanpublishing.com
http://www.manhattanpublishing.com

Council of Europe Publishing/Editions du Conseil de l’Europe
F-67075 Strasbourg Cedex
Tel.: +33 (0)3 88 41 25 81 – Fax: +33 (0)3 88 41 39 10
E-mail: publishing@coe.int – Website: http://book.coe.int



## Укинување на физичкото казнување на децата

*Прашања и одговори*

Зошто да биде незаконски да се удираат децата од дисциплински причини?
Какво право има државата да се меша во начинот на кој се воспитуваат децата?
Како да се свртат јавните ставови кон позитивно и ненасилно воспитување?
Овие и многу други прашања се дискутираат во оваа брошура, наменета за родителите, политичарите, адвокатите, детските адвокати и други луѓе кои работат со деца, кои вложуваат напори во добросостојбата на децата.
Поделена во четири главни дела, оваа брошура го дефинира физичкото казнување на децата; дава причини, засновани врз меѓународното право, зошто физичкото казнување треба да се укине; дискутира како укинувањето може да се постигне и ги разоткрива митовите и јавните стравови што го следат ова прашање. Физичкото казнување на децата е акт на насилство и прекршување на човековите права на децата.
Секоја нација во Европа има правна обврска да им се придружи на 17-те европски нации што веќе воведоа целосна забрана за физичкото казнување на децата.

COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE

**www.coe.int**

*Советот на Европа има 47 земји-членки, и го покрива буквално целиот европски континент. Негова цел е да развие заеднички демократски и правни принципи засновани врз Европската конвенција за човекови права и други референтни текстови за заштита на поединците. Уште откако е основан во 1949 година, по Втората светска војна, Советот на Европа симболизира помирување.*

**http://book.coe.int**
Council of Europe Publishing